ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1883/8
20-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-1883/1 од 03.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1883/1 од 03.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1883/1 од 03.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од лицето ______________по престанок на функцијата член на Управен одбор на ______________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службениот весник на РСМ, по што констатира дека ________________ е разрешен од вршење на функцијата член на Управниот одбор на ________________со Решение бр.14-

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

13363/1 од 31.12.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ" бр.11 /25 година.

Во врска со ова, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ______________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управниот одбор на _______________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно горе наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ___________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-1883/4 од 04.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1883/5 од 04.09.2025 година. Државната комисија за спречување на корупцијата направи обид за доставување на прекршочниот платен налог, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на која стои потпис и датум на прием 15.09.2025 година.

Истиот на ден 15.09.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок , видно од доставената уплатница како доказ за извршената уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупција одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

**Изготвил:** К.Б соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** З.Б.член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk